Co-funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

НСРР

*Јавен повик за ангажирање на експерт/ка за истражување на бизниси во сопственост на жени и анализа на политиките и мерките за поттикнување на женско претприемништво*

## *1.* Конкектс на задачата

Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност претставува национална, мултиетничка, мултигенерациска, креативна мрежа ориентирана кон иднината и посветена на постигнување родова рамноправност, развој, заштита на женските/човекови права и мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите. За спроведувањето на својата програма за 2025 НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија. Една од целите кон кои НСРР се стремии во овој период е:

• *Зголемување на стапката на економски зајакнати жени и намалување на јазот на платите меѓу мажите и жените*

## *2.* Опис на работни задачи

Експертот/ката ќе биде одговорен/а за имплементација на истражување на состојбата на бизнисите во сопственост на жените, како и анализа на законите и мерките наменети за поттикнување на женското претприемништво во Република Северна Македонија, со фокус на скопскиот регион. Во рамки на истражувањето, ќе се анализираат трендовите во претходните години, тековните предизвици, постојните економски, социјалнни, политички фактори и ќе даде препораки за унапредувањето на женското претприемништво.

**Анализата треба да опфати:**

- Спроведување на истражување за состојбата на женските бизниси, со посебен фокус на скопскиот регион, вклучително бројот на активни бизниси, секторите во кои се присутни, пристапот до финансии, поддршка од инсистуциите и слично.
- Анализа на предизвиците и бариерите со кои се соочуваат жените претприемачки.
- Испитување на постојаните мерки и програми за поддршка на жените претприемачки, вклучително и нивната имплементација
- Спроведување на консултации со релевантни чинители
- Анализа на законските и стратешките рамки што ги регулираат женските бизниси во државата

- Идентификација на добри практики од други земји што можат да се применат во националниот контекст

- Дефинирани конкретни препораки за подобрување на политиките и поддршката за жените претприемачи

3. **Очекувани резулатати**
    - Изработена анализа со систематски собрани и анализирани податоци за состојбата на женското претприемништво во скопскиот регион
    - Дефинирани конкретни препораки за подобрување на политиките и мерките за поддршка на жените претприемнички

4. **Времетраење и период на спроведување на активностите**

    За овој ангажман се предвидени вкупно 20 работни денови. Активностите треба да се реализираат во период од април до ноември 2025 година. Анализата треба да биде изработена на македонски јазик.

5. **Квалификации и барања кои треба да ги задоволи експертот/ката**

    Експертот/ката се очекува да ги исполнува следниве критериуми:

    *Општо професионално искуство*
    - Високо образование од областа на општествените науки
    - Минимум 5 години работно искуство

    *Специфично професионално искуство и вештини*

- Докажано искуство во спроведување истражувања и анализа на политики, особено во областа на женско претприемништво или економско зајакнување.
- Одлични аналитички и истражувачки вештини, со способност за развој на јасни и засновани на докази препораки.
- Познавање на социо-економскиот и политичкиот контекст во Република Северна Македонија, особено во врска со родовите прашања и претприемништвото.
- Искуство со ангажирање на релевантни чинители и презентација на истражувачки наоди.

6. Пријавување и избор

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Писмо за изразување интерес
- Професионално CV

- Развиена методологија за истражувањето
- Најмалку три референци за реализација на слични ангажмани
- Финансиска понуда, која вклучува надомест по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход

Пријавите треба да се достават најдоцна до 30.04.2025 на е-пошта: sozm@t.mk и teazografska@gmail.com и stankovikmartina@gmail.com , со предмет: Апликација за ЕКСПЕРТ/КА ЗА ИЗРАБОТКА НА АНАЛИЗА.

Критериуми за избор на модераторот/ката се претходното релевантно професионално искуство, квалитетот на предложената методологија и финансиската понуда. Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.